РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12 – 155/5
08-10-2020 г./v.

ДКСК – KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител (анонимна пријава) доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 39-та седница одржана на 07.10.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапувањето по предметот со број 12-4225/1 од 10.09.2019 година оформен по пријавата поднесена од непознат подносител (анонимна пријава) поднесена на 10.09.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-4225/1 од 10.09.2019 година бидејќи наводите во пријавата не се потврдени.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-4225/1 од 10.09.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител (анонимна пријава).

Во пријавата се укажува на наводи за бројни сомневања за сторени незаконитости од страна на Директорот на ОУ -----------, -------------, за времетраење на двата мандати како Директор на училиштето, поранешниот и актуелниот мандат.

Со цел проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации со број 12-155/1 од 13.01.2020 год до Општина Центар–Одделението за внатрешна ревизија во рамките на своите законски надлежности да ги провери наводите во пријавата и за исходот од постапувањето да ја извести Државната комисија.

Во законски утврдениот рок од општината беше доставен одговор по доставеното барање на ДКСК.

По разгледување на наводите содржани во пријавата и придружната документација, Државната комисија за спречување на корупцијата ја констатира следната фактичка состојба:

Одделението за внатрешна ревизија на општина Центар постапило по барањето на ДКСК и при тоа констатирало дека во врска со вработувањата на наставен и ненаставен кадар, односно сите реализирани вработување на сегашниот и претходниот директор (2012-2020 година) постапките за вработување се спроведени согласно Законот за работни односи, Законот за административни службеници, Законот за

вработени во јавниот сектор и Законот за основно образование. Сите постапки за вработувања во периодот од 2012-2020 година се спроведени врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работни односи и член 80 и член 82 од Законот за основно образование, врз основа на добиени согласности од Министерството за образование и наука и спроведена целокупна постапка за вработување предвидена со закон. За постапките за вработување по извршен инспекциски надзор од Државниот инспекторат за труд составен е Записник со број 09-2011 од 25.10.2017 година каде е констатирано дека вработувањата се реализирани согласно законските одредби.

- До Одделението за внатрешна ревизија бил доставен Конечен извештај за интегрална евалуација од Државниот просветен инспекторат со број 09-558/3 од 04.07.2018 го каде е констатирано дека заради реализирање на наставниот план и програми училиштето има обезбедено доволен број на наставници дека стручната подготовка во училиштето е во согласност со нормативите за наставен кадар и во согласност со Законот за основно образование.
- Во истиот Извештај е констатирано дека постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот.
- Во врска со наводот дека директорот на училиштето остварува соработка и склучува договори спротивно на Законот за јавните набавки со фирми блиски на функционери, но за себе остварува дополнителни приходи, при извршената ревизија е констатирано дека согласно Законот за јавните набавки се спроведуваат малобројни постапки меѓу кои од интерес за родителите е единствено постапка за јавна набавка за училишен оброк и училишта кујна. Постапката за училишна кујна се (училишен простор кој се дава на користење на избраниот економски оператор) се спроведува согласно Одлуката за давање на користење училишен простор во основните училишта во општина Центар бр. 07-3983/22 од 06.10.2011 год., како и Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за давање на користење училишен простор во основните училишта во општина Центар број 08-1377/32 од 30.03.2015 год. и број 08-4038/34 од 31.08.2015 год. Внатрешната ревизија по разгледување на целокупната документација за постапката за изнајмување на училишен простор и постапката за послужување топол оброк на учениците констатирала дека и двете постапки се спроведени согласно подзаконските норми по однос на училишниот простор, како и законски норми предвидени во Законот на јавните набавки и Известувањата и насоките за постапување дадени од страна на Министерството за образование и наука бр. 12-9975/1 од 07.07.2016 г.
- Во врска со наводот дека директорот склучувал сомнителни договори за закуп на училишните простории со свои блиски лица за минимална закупнина, внатрешната ревизија по детално разгледување на сите постапки за изнајмување на училишниот простор по учебни години, констатирала дека сите постапки за издавање под закуп на деловен простор се спроведени согласно важечките одлуки за давање на користење училишен простор во основните училишта во општина Центар како и нивните измени и дополнувања кои во момент на спроведување на постапката била на сила и склучени се договори.

1

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај по барањето на ДКСК постапил надлежен орган (Секторот за внатрешна ревизија при општина Центар) кој извршил ревизија на севкупното работење на директорот на училиштето при што констатирал дека постапките за вработувања во училиштето, постапката за изнајмување на училишен простор и постапката за послужување топол оброк на учениците се спроведени согласно законските норми од таа област, подзаконските норми по однос на училишниот простор, како и законски норми предвидени во Законот на јавните набавки и Известувањата и насоките за постапување дадени од страна на Министерството за образование и наука бр. 12-9975/1 од 07.07.2016 г. Оттаму, имајќи го во предвид сето горенаведено, ДКСК констатира дека наводите во пријавата не се потврдени, поради што елементи за нејзино натамошно постапување во предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: С.П.Д, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk